**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

# Предлог
# на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование

Скопје, мај 2010 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование се врши усогласување на законските одредби од постојниот закон со одредбите од Законот за прекршоците, во делот на прекршочните одредби (Глава XIII) со унификација, категоризација и рангирање на прекршоците на три нивоа, со изрекување на глоба во единствевен утврден износ и глоба во распон 1:2, како и усогласување со Законот за државниот испитен центар, во делот на оспособувањето на кандидатите за директори на јавните средни училишта, со полагање на испит по завршената обука, кое го врши Државниот испитен центар. Исто така, со предложените измени и дополнувања се овозможува подобрување на квалитетот на средното образование со воведување на задолжително користење на информатичка опрема како дел од Проектот „Компјутер за секој ученик“ во реализацијата на наставата, подобрување на наставата со воведување на интерактивна настава, што подразбира активно вклучување на ученикот во наставата. Со цел да се обезбеди прегледност, точност и достапност на информации за бројот на учениците, наставниот и друг кадар во средните училишта, објектите во кои се организира воспитно-образовната работа, како и други релевантни податоци за средните училишта, Министерството ќе води интегрирана база на податоци, во која континуирано ќе се внесуваат и забележуваат сите потребни податоци.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со сегашната законска поставеност на прекршочните одредби во Главата XIII (член 109) од постоечкиот Закон за средното обраование, не е извршено рангирање на прекршоците на три нивоа со оглед на нивната тежина и штетните последици кои можат да настанат со нивното сторување, а посебно доколку истите се предизвикани со умисла и се со цел неосновано прибавување или стекнување на поголема противправа имотна корист за сторителот. Исто така, глобите се изречени само во единствен утврден износ и не се остава можност за прекршоците од вториот и третиот ранг да се изрекува глоба во распон на висината на казните(1:2). Затоа постои потреба од законски уредена материја чија што основна цел е да се направи класификација и унифицираност на прекршоците и истовремено изрекување на глоба и за правното лице и за одоговорното лице на правното лице (средно училиште, директор) за ист вид на прекршок, како и усогласување со Законот за државниот испитен центар, во делот на оспособувањето на кандидатите за директори на јавните средни училишта, со полагање на испит по

завршената обука, кое го врши Државниот испитен центар. Исто така, со предложените измени и дополнувања се овозможува подобрување на квалитетот на средното образование со воведување на задолжително користење на информатичка опрема како дел од Проектот „Компјутер за секој ученик" во реализацијата на наставата, подобрување на наставата со воведување на интерактивна настава, што подразбира активно вклучување на ученикот во наставата. Со цел да се обезбеди прегледност, точност и достапност на информации за бројот на учениците, наставниот и друг кадар во средните училишта, објектите во кои се организира воспитно-образовната работа, како и други релевантни податоци за средните училишта, Министерството ќе води интегрирана база на податоци, во која континуирано ќе бидат внесени и забележани сите податоци.

При изготвување на овој Предлог закон, се тргна од досегашните искуства при сторувањето на прекршоци од страна на субјектите на надзорот (средните училишта, директорот, наставниците и родителите) и изрекувањето на прекршочните глоби. Во практичната примена на законските одредби, кои се однесуваат на изрекувањето и висината на прекршочните глоби од Глава XIII (член 109) во Законот за средното образование, се појави неусогласеност со Законот за прекршоците.

Решението кое го содржи овој Предлог, воведува унификација во поглед на изречените глоби кои ќе ја поедностават прекршочната постапка, во зависност од видот и тежината на сторениот прекршок да се изрече соодветна глоба и прекршочна санкција за одделни видови прекршоци, за разлика од постојниот закон во кој не постои рангирање на прекршоците според видот и тежината, а за соодветни прекршоци не е предвидена истовремена казна и за правното лице, одговорното лице во правното лице и за физичкото лице (родител, наставник).

Од тие причини, Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование нуди усогласеност со Законот за прекршоците и Законот за Државниот испитен центар.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на законитост, ефикасност, транспарентност и економичност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на предвидените законски решенија со овој предлог не се потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ- ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08 и 33/10), по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

(1) За дејноста на средното образование Министерството води интегрирана база на податоци која содржи податоци за:

- досиеа на учениците;
- оценки на учениците;
- отсуства на учениците од наставата;
- податоци за наставниците, стручните соработници, воспитувачите и другите вработени во средните училишта;
- отсуства од работа на наставниците, стручните соработници воспитувачите и другите вработени во средните училишта;
- наставните планови;
- годишни програми за работа;
- учебници кои се користат во наставата;
- училишни објекти и други објекти кои се користат за реализација на наставата и
- финансиски податоци за училиштата.

(2) Податоците од став (1) на овој член средното училиште ги внесува во интегрираната база на податоци континуирано.“

Член 2

Во членот 21 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Со наставните програми се определува задолжителното користење на информатичката опрема во училиштето за реализација на воспитно-образовната работа“.

Член 3

По членот 69 се додава нов член 69-а кој гласи:

„Член 69-а

(1) Наставникот во средното училиште наставата ја реализира интерактивно, што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на воспитно-образовната работа.

(2) Министерот, на предлог на Бирото, пропишува акт за начинот за реализација на интерактивната настава.“

Член 4

Во членот 91 ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) се менуваат и гласат:

„(5) Оспособување на кандидати за директори на јавните средни училишта и полагањето на испитот по успешно завршената обука го врши Државниот испитен центар, согласно закон.

(6) Програмата за подготвување и полагање испит за директори и начинот на спроведувањето на испитот ги пропишува министерот на предлог на Државниот испитен центар.

(7) На кандидатот кој го положил испитот за директор му се издава уверение.

(8) Формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште, ги пропишува министерот.

(9) Трошоците за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор и трошоците за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот, кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на Државниот испитен центар.“

Ставовите 10, 11, 12 и 17 се бришат.

Ставовите 13, 14, 15 и 16 стануваат ставови 10, 11, 12 и 13.

Член 5

Во членот 108 по ставот (3) се додаваат девет нови ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) кои гласат:

„(4) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор или овластениот просветен инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од член 109 ставови (1) и (2), должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или средното училиште каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор .

(5) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на образованието.

(6) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/ градот Скопје кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(7) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица односно едно или повеќе средни училишта.

(8) Доколку во закажаниот термин лицето или средното училиште над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(9) Доколку лицето или средното училиште над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(10) Доколку државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(11) Доколку државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(12) Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа кој што ја организирал и спровел едукацијата.“

Член 6

Членот 109 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот на малолетниот ученик ако ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето (член 3 став 1).

(2) Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на средното училиште ако:

- внесува погрешни податоци во интегрираната база на податоци (член 9-а);
- не користи информатичка опрема во наставата (член 21 став 4).

(3) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште за дејствијата од став (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствието од став (2) алинеа 2 на овој член.

(5) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на средното училиште ако:

- не внесува податоци во интегрираната база на податоци (член 9-а);
- запише ученик преку бројот утврден во конкурсот за запишување (член 42);
- не склучи нов договор за работа со наставник (член 72 став 2);
- ја води и издава педагошката документација спротивно на членовите 73 и 74 на овој закон.
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето (член 93 став 1 алинеа 5);

(6) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште за дејствијата од став (5) на овој член.

(7) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствието од став (5) алинеа 4 на овој член.

(8) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште ако не ја реализира наставата интерактивно (член 69-а став 1).“

Член 7

По членот 109 се додаваат три нови члена 109-а, 109-б и 109-в кои гласат:

„Член 109-а

(1) Глоба во износ од 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на средното училиште ако:

- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации во средното училиште и изведува верско образование и се истакнат партиски и верски обележја (член 7);
- користи печат со несоодветна содржина за заверка на јавните исправи (член 8);
- отпочне со вршење на дејноста пред донесувањето на решение за исполнетоста на условите за почеток со работа и вршење на дејноста (член 19);
- остварува план и програма што не е донесена од Министерство за образование и наука (член 22);
- не го оствари годишниот фонд на часови утврден со планови и програми (член 24);
- не донесе годишна програма за работа (член 29);
- не спроведе самоевалуација на училиштето (член 29-а став 1);
- не донесе програма за развој на училиштето (член 29-а став 2);
- телесно казни ученик односно психички го малтретира (член 51);
- изврши избор на наставници и стручни соработници во настава спротивно на условите утврдени со овој закон (член 59 и 60);
- ако по извршена вонредна интегрална евалуација не ги отстрани причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес (член 89-б став 1).

(2) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште за дејствијата од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствијата од став (1) алинеи 1, 5 и 9 на овој член.

(4) На средното училиште и на директорот на средното училиште за дејствијата од став (1) алинеа 3 на овој член, покрај предвидената глоба може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во времетраење кое неможе да биде пократко од една ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката .

Член 109-б

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното односно физичкото лице ако отпочне со работа спротивно на одредбите од членовите 11, 13 и 13 -а на овој закон.

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствието од став (1) на овој член.

(3) На правното односно физичкото лице и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од став (1) на овој член покрај предвидената глоба, може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во времетраење кое неможе да биде пократко од една ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката .

Член 109-в

(1) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции е надлежниот суд.

(2) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците предвидени во овој закон, Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори водат постапка за порамнување согласно со Законот за порамнување. “

Член 8

Членот 110 се брише.

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование.

Член 10

(1) Подзаконскиот предвиден во член 69-а став (2) ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Подзаконскиот акт предвиден во член 108 став (5) ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ.

Со членот 1 од Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование се предвидува дека Министерството за образование и наука води интегрирана база на податоци во која средните училишта ќе внесуваат податоци за бројот на учениците, наставниот и друг кадар во средните училишта, објектите во кои се организира воспитно-образовната работа, како и други релевантни податоци. Со членот 2 се предвидува во наставните програми да се воведе задолжителното користење на информатичката опрема како дел од Проектот „Компјутер за секој ученик“ во реализацијата на наставата, се со цел да се подигне квалитетот на воспитно-образовната дејност во средните училишта.

Со членот 3 е предвидено во средното училиште наставникот да ја реализира наставата интерактивно со активно вклучување на учениците во процесот на воспитно-образовната работа. За ова Министерот, на предлог на Бирото, ќе пропише акт за начинот и постапката за реализација на интерактивната настава. Со членот 4 во делот на оспособувањето на кандидати за полагање на испит за директори на јавните средни училишта основната цел е усогласеност со Законот за Државниот испитен центар.

Со членот 5, за определена категорија на прекршоци (полесен вид) е предвидена глоба и за физичките лица односно наставникот и родителот, при што кај овие субјекти на надзорот се предлага олеснителна можност, врз основа на која надлежниот инспектор пред да ја изрече глобата спроведува постапка за едукација на субјектот и се задолжува сторителот во определен рок да ги отстрани констатираните неправилности, со одредени насоки и укажувања. Доколку по истекот на тој рок, субјектот не постапи по задолжението, инспекторот ќе му изрече глоба. Во членовите 6 и 7 е регулирана прекршочната одговорност на правното лице, одговорното лице на правното лице и физичките лица како субјекти на надзорот. При тоа, постои класификација и категоризација на прекршочната одговорност според тежината на сторениот прекршок за секој субјект поодделно, па во зависност од тоа се изрекуваат и различни износи на глоба кои се рангирани почнувајќи од лесните облици (прв ранг) за кои е предвидена пониска глоба во утврден единствен износ, која истовремено се изрекува и на правното лице кое е субјкет на надзорот (средното училиште) и на одговорното лице во правното лице (директорот). Во оваа категорија на прекршоци е предвидена глоба и за физичките лица односно наставникот и родителот, при што кај овие субјекти на надзорот се предлага олеснителна можност, која е регулирана во член 5 на овој Предлог закон, според кој надлежниот инспектор пред да ја изрече глобата спроведува постапка за едукација на субјектот и се задолжува сторителот во определен рок да ги отстрани констатираните неправилности, со

определени насоки и укажувања. Доколку по истекот на тој рок, субјектот не постапи по задолжението, инспекторот ќе му изрече глоба. Потоа доаѓаат средните облици на прекршоци (втор ранг) за кои се предвидени повисоки глоби во утврден единствен износ и во распон на висината на казните помеѓу 50% и 100 % (1:2) кои исто така се изрекуваат за правното лице, одговорното лице во правното лице и физичкото лице. На крај се предвидени потешките облици на прекршоци (трет ранг) за кои следува изрекување на глоба, покрај која може да се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност.

Со членот 8 е предвидено бришење на член 110 од Законот за средното образование, од причина што изрекувањето на глоби за правното лице, одговорното лице во правното лице и физичкото лице, кое ќе отпочне со работа спротивно на одредбите од членовите 11, 13 и 13-а на овој закон, е веќе инкорпорирано во членот 7 од Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за средното образование се врши изменување на членовите 91 и 109, и додавање на нов член 9-а, нов став 4 во член 21, нов член 69-а, во член 108 се додаваат 9 нови ставови, а по членот 109 се додаваат нови членови 109-а, 109-б и 109-в, членот 110 се брише, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измената и дополнувањето на Законот за средното образование ќе се нормира заокружен и интегрален систем со механизми за добивање на резултати во постигнатите ефекти од изрекувањето на глобата.

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование ќе се унифицира системот на прекршочните одредби во Глава XIII (член 109) кои се регулирани во Законот за средното образование и нивно усогласување со Законот за прекршоците. Во делот на воведувањето на оспособување на кандидати за полагање на испит за директори на јавните средни училишта Предлогот ќе се усогласи со Законот за Државниот испитен центар.

# ОДРЕДБИ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ СО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 9

Развојот на образованието во државните училишта се утврдува со програма која ја донесува Владата на Република Македонија, во согласност со развојните документи на Република Македонија.

Член 21

(1) Со наставните планови (во натамошниот текст: планови) и наставните програми (во натамошниот текст: програми) се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот што ја реализира наставата.

(2) Програмите се изработуваат според модел на програми кој го донесува министерот на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Во моделот се утврдува и флексибилноста во реализација на наставните подрачја и теми.

(3) Со плановите и програмите од став 1 на овој член се утврдуваат и други облици на воспитно-образовна дејност.

Член 69

(1) Наставниците и стручните соработници во средното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

(2) Наставникот и стручниот соработник кој за прв пат се вработуваат во образование се со звање наставник-приправник и стручен соработник-приправник.

(3) Наставник-приправник може да напредува во звањата наставник, наставник-ментор и наставник-советник.

(4) Стручниот соработник-приправник може да напредува во звањата стручен соработник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

(5) Напредување на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник-ментор, стручен соработник и стручен соработник-ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето.

(6) Комисијата од ставот 5 на овој член е составена од пет наставници, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член на училишниот одбор кој е претставник од основачот, советник од Бирото за развој на образованието и советник од Центарот за стручно образование и обука.

(7) Наставниците за членови во Комисијата од ставот 6 на овој член ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, а членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор.

(8) При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од став 5 на овој член, училишната комисија кај јавните средни училишта, односно органот утврден од основачот кај приватните средни училишта, задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(9) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно ставот 5 од овој член има право на приговор до училишниот одбор кај јавните средни училишта, односно органот утврден од основачот кај приватните средни училишта во рок од осум дена од

денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(10) Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник-советник и стручен соработник-советник го врши комисија која ја формира министерот.

(11) При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од став 10 од овој член, комисијата формирана од министерот задолжително ги зема во предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(12) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно ставот 10 од овој член има право на приговор до Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на образование, наука и култура (образование, наука, култура , архивска дејност, спорт и информации) при Владата на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(13) Средното училиште по завршувањето на секоја четврта учебна година може да врши напредување од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот 5 на овој член и може да предложи од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот 10 на овој член, на предлог на Наставничкиот совет.

(14) Напредувањето на најдобрите наставници и стручни соработници се врши согласно резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(15) Наставник и стручен соработник може да напредува во следното звање по четири години на начин утврден со овој закон.

(16) Платата на наставникот и на стручниот соработник е според стекнатото звање. Платата на наставникот може да се зголеми или намали зависно од резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација. Платата на стручниот соработник може да се зголеми или намали зависно од евалуацијата на професионалното досие. Исплатата на плата според стекнатото звање започнува од 1 јануари наредната година по објавувањето на Националниот извештај за работа на наставници и стручни соработници. Овој став се применува само во јавните средни училишта.

(17) Начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звањата од ставовите 3 и 4 на овој член го пропишува министерот, по предлог на Бирото, Државен испитен центар и Државен просветен инспекторат.

Член 91

(1) Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(2) За директор на јавно средно училиште се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува условите за наставник, педагог или психолог во средно училиште, има високо образование, пет години работно искуство во установа за воспитно-образовна работа верифицирана од Министерството и положен испит за директор.

(3) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(4) Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот 3 на овој член, му престанува мандатот на директор.

(5) Министерството акредитира установи за вршење на подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор.

(6) Акредитацијата се врши врз основа на поднесено барање од установата.

(7) Установата која поднесува барање за акредитација треба да ги исполнува следниве услови: - да има ангажирано најмалку пет лица со стекнато звање доктори, односно магистри на науки од областа на образованието и воспитанието, како и најмалку две стручни лица кои имаат познавања на законите и другите прописи од областа на образованието и финансиите, и

- да обезбеди соодветно опремени простории со информатичка технологија и други наставни помагала за современа реализација на подготовките.

(8) За установата која ги исполнува условите од ставот 11 на овој член, министерот донесува решение за акредитација на установа за вршење на подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор.

(9) Против решението за одбивање на акредитација на установата за вршење на подготовка на кандидатот за полагање на испит за директор, може да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата на Република Македонија.

(10) Акредитацијата на установата за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор е со важност од две години.

(11) Установата која се акредитира за вршење на подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор се евидентира во Министерството.

(12) Трошоците за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот, кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на акредитираната установа. Трошоците за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот, кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на Министерството.

(13) Мандатот на директорот на јавното средно училиште трае четири години.

(14) Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

(15) Директорот на средното училиште на Градот Скопје се избира и разрешува од градоначалникот на Градот Скопје, согласно со овој закон.

(16) Директорот на државното средно училиште се избира и разрешува од училишниот одбор, по претходна согласност од Министерството, согласно со овој закон.

(17) Постапката и начинот на полагањето на испитот за директор, како и формата и содржината на уверението, со посебен акт ги пропишува министерот.

Член 108

(1) За извршување на законите и другите прописи од областа на средното образование во средните училишта се врши инспекциски надзор.

(2) Инспекциски надзор врши Државниот просветен инспекторат и овластени инспектори на општината, односно Градот Скопје на начин утврден со закон.

(3) Државниот просветен инспекторат врши и надзор над квалитетот на воспитно-образовниот процес во средните училишта.

Член 109

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок на средното училиште, ако:

- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации во средното училиште и изведува верско образование и се истакнат партиски и верски обележја  (член 7);
- користи печат со несоодветна содржина за заверка на јавните исправи (член 8);
- отпочне со вршење на дејноста пред донесувањето на решение за исполнетоста на условите за почеток со работа и вршење на дејноста (член 19);
- остварува план и програма што не е донесена од Министерството за образование и наука (член 22);
- не го оствари годишниот фонд на часови (член 24);
- во утврдениот рок не ги извести учениците и нивните родители, како и Државниот просветен инспекторат за изборот на учебниците кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година (член 31-е);
- не спречи продажба на учебници и друга литература од вработените и други лица во јавните средни училишта (член 31-е);
- не е донесена годишна програма за работа (член 29);
- запише ученик преку бројот утврден во конкурсот за запишување (член 42);
- изврши избор на наставници и стручни соработници во настава спротивно на условите утврдени со овој закон (членови 59 и 60);
- доколку не склучи нов договор за работа (член 72 став 2);
- ја води и издава педагошката документација спротивно на членовите 73 и 74 на овој закон и
- го спречи или попречува просветниот инспектор во вршењето на работите на просветната инспекција, не му ги даде потребните податоци и не ги изврши пропишаните мерки (член 108).

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од став 1 на овој член директорот на средното училиште.

Со парична казна од ставот 2 на овој член ќе се казни директорот на средното училиште ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето.

-врши продажба на учебници и друга литература во јавните средни училишта (член 31-е);

Глоба во износ од 800 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок на наставник ако:

- телесно казни ученик, односно психички го малтретира (член 51);
- педагошката документација ја води спротивно на одредбите на овој закон (членови 73 и 74) и
- користи во настава учебник кој не е издаден согласно со одредбата утврдена со овој закон.

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска против вредност ќе се изрече на родителот, односно старателот на малолетниот ученик, доколку ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето (член 3).

Глоба во износ ОД 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на полнолетниот ученик кој нередовно го посетува училиштето (член 3).

Член 110

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако основа приватно училиште спротивно на одредбите од членовите 12 и 13 на овој закон.

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од став 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од став 1 на овој член и на физичко лице.